МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за сточарството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 116/10 и 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСЕБНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ, РАСИ И ХИБРИДИ КОИ СОГЛАСНО СО ОДГЛЕДУВАЧКАТА ПРОГРАМА СЕ НАМЕНЕТИ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуват посебните критериуми за одделни видови, раси и хибриди кои согласно со одгледувачката програма се наменети за размножување.

## Член 2

Посебни критериуми за одделните видови, раси и хибриди е утврдувањето на присуство или отсуство на генетски предиспонирани, односно наследни (хередитарни) болести или состојби.

Генетски предиспонирани, односно наследни (хередитарни) болести или состојби кај одделни видови на домашни животни се:

1. Кај говедата:

- BLAD (бовина леукоцитна атхезиона дефициенца) и

- ЦВМ (комплексна вертебрална малформација);

2. Кај овците:

- Прион протеин генотипизција и

- Полиморфизам на протеини на млеко;

3. Кај козите:

- Прион протеин генотипизција и

- Полиморфизам на протеини на млеко и

4. Кај свињите

- Стрес осетливост.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.08-11275/3 Министер
за земјоделство,

4 декември 2014 година шумарство
и водостопанство,

Скопје м-р Михаил
Цветков, с.р.